АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.07.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3443 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 јули 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

– **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

– **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, емитуван на 5 јули 2018 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на

македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 5 јули 2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе емитуваше вкупно 20 часа 43 минути и 46 секунди програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма. Од нив, вкупно 4 часа 17 минути и 53 секунди беа изворно создадена програма на македонски јазик, односно 20.73%, а законскиот минимум е 50%.

Половина од законскиот минимум (10:21:53) е 5 часа 10 минути и 56 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 12 минути и 17 секунди изворно создадена програма во РМ, што во оваа ситуација е за 2 часа 58 минути и 39 секунди помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, на 5 јули 2018 година, не емитуваше најмалку 50% изворно создадена програма на македонски јазик, односно не емитуваше половина од изворно создадената програма во Република Македонија во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***